# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПшТИНА РАДОВИш

| Службен гласник на опШгина РадовиШ Излегува по потреба | Понеделник Август 2026 година Број 13/2026 год. | Жиро сметка бр: 758014072063018 Даночен бр.: 4023005116486 |
|---|---|---|


Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 19-та седница на Советот на Општина Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прогласување итност на 19-та седница на Советот на Општина Радовиш, 08-1081/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 24.08.2026 година.

Број 09-1081/2 Градоначалник
Дата 24.08.2026 г. на Општина Радовиш
Радовиш Љупче Почивалец с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоупава (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 53 од Деловникот за работа ,

Советот на општина Радовиш на XIX итна седница одржана на 24.08.2026 година, донесе

О Д Л У К А
за прогласување итност на 19-та седница на Советот на Општина Радовиш

член 1

Со оваа Одлука се прогласува итност на 19-та седница на Советот на Општина Радовиш одржана на 24.08.2026 година со цел да се донесе Одлука за прифаќање донација на три дизел возила за собирање на отпад од град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), кон Општина Радовиш за потребите на ЈП Плаваја Радовиш.

член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавување во „Службен гласник на општина Радовиш„ .

Број 08-1081/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.08.2026 г Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 44 од Статутот на Општина Радовиш,

Градоначалникот на Општина Радовиш донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на
Одлука за прифаќање донација на три дизел возила за собирање на отпад од град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), кон Општина Радовиш за потребите на ЈП Плаваја Радовиш

Ја прогласувам и објавувам Одлуката за прифаќање донација на три дизел возила за собирање на отпад од град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), кон Општина Радовиш за потребите на ЈП Плаваја Радовиш, 08-1082/1

што советот на Општина Радовиш ја донесе на седница одржана на 24.08.2026 година.

| | |
|---|---|
| Број 09-1082/2 | Градоначалник |
| Дата 24.08.2026 г. | на Општина Радовиш |
| Радовиш | Љупче Почивалец с.р. |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 43 од Статутот на Општина Радовиш, а во врска со член 6 од Законот за финансирањето на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24, 37/25 и 77/26), и член 10 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14, 153/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22),

Советот на Општина Радовиш на XIX итна седница одржана на 24.08.2026 година, донесе

О Д Л У К А

за прифаќање донација на три дизел возила за собирање на отпад од град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), кон Општина Радовиш за потребите на ЈП Плаваја Радовиш

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Радовиш, во својство на прималел на донацијата, ја прифаќа донацијата од град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), кон Општина Радовиш за потребите на ЈП Плаваја Радовиш, која се состои од три дизел возила за собирање на отпад:

**KW62:** Renault Premium 310.26,
број на шасија:
VF629AHB000002023,
година на производство: 2013
година

**KW63:** Renault Premium 310.26,
број на шасија:
VF629AHB000002023,
година на производство: 2013
година

**KW65:** MAN TGS 26.400,
број на шасија:
WMA18SZZ4EM653587,
година на производство: 2014
година

**Член 2**

Донацијата е дадена за остварување на јавен интерес и е наменета исклучиво за потребите на Јавното Претпријатие ПЛАВАЈА Радовиш.

Донацијата не создава директна корист за давателот на донацијата, ниту обврска за враќање на донацијата од страна на примателот.

**Член 3**

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се реализира склучување на тристран договор помеѓу давателот на донацијата (град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), Примателот на донацијата Општина Радовиш и корисникот на донацијата ЈП ПЛАВАЈА Радовиш со кој поблиску ќе се уредат правата и обврските на договорните страни, намената и начинот на реализација на донацијата, начинот на предавање и место на исполнување на договорот, како и начинот на следење и документирање на реализацијата на донацијата.

**Член 4**

За реализацијата на донацијата од оваа Одлука, Општина Радовиш ќе води соодветна евиденција и ќе постапува согласно важечките законски и подзаконски прописи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Радовиш“.

Број 08-1082/1Совет на општина Радовиш
Дата 24.08.2026 г. Претседател
Радовиш Гоце Дединец с.р.

Содржина:
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прогласување итност на 19-та седница на Советот на Општина Радовиш------------------------------------------1
-Одлука за прогласување итност на 19-та седница на Советот на Општина Радовиш-------------------------------------------------------1
-Решение за прогласување и објавување на Одлука за прифаќање донација на три дизел возила за собирање на отпад од град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), кон Општина Радовиш за потребите на ЈП Плаваја Радовиш----------2
-Одлука за прифаќање донација на три дизел возила за собирање на отпад од град Берн, Швајцарија (Дирекција за нискоградба, сообраќај и градско зеленило – Оддел за отпад и рециклирање), кон Општина Радовиш за потребите на ЈП Плаваја Радовиш----------2